# Заштитете ги вашите птици од птичји грип

Многу луѓе одгледуваат живина и други видови птици и иако ризикот да се појави некоја егзотична болест, на пример, авијарна инфлуенца (птичји грип), на нашето крајбрежје е мал, сите сопственици треба будно да внимаваат на знаците на болеста.

Болеста се пренесува преку директни контакти меѓу животни, гризнувања и гребнатинки. Болеста може да се пренесува и шири преку воздух, измет од животни или птици, облека, обувки, кожа, слуз, легалата, контејнери за сточна храна и вода, возила, опрема, загадено месо и јајца.

Овие едноставни и практични мерки ќе ви помогнат да ги заштитете вашите птици од болеста.

**Не дозволувајте да се загадат водата и сточната храна**
Вашите птици ќе бидат изложени на мал ризик ако резервите на сточна храна и вода што ги користите за нив ги чувате подалеку од диви птици и животни. Чувајте ја сточната храна во херметички затворени контејнери и секогаш чистете ги течностите кои ќе се истурат. Главен ризик преставува водата до која имаат пристап дивите птици. Користете само градска или бунарска вода, ако не можете да користите ваква вода, тогаш прочистувајте ја водата со хлор.

**Избегнувајте контакти со диви птици**
Дивите птици и животните штетници може да пренесуваат сериозни болести. Не дозволувајте вашите птици да бидат во контакт со диви птици. Ставете мрежа или ограда за да им го ограничите пристапот на дивите птици и отстранете ги работите кои ги привлекуваат, на пример, коритата со храна и вода и легалата. И ограничете им го пристапот на вашите птици до бари, езера и потоци на отворено.

**Одржувајте ги чисти**
Редовно чистете ги птичарниците, кафезите и живинарските дворови и дезинфицирајте ги опремата и контејнерите за храна и вода. Не користете иста опрема со други одгледувачи на птици и секогаш треба внимателно да ги миете рацете, да ја перете облеката и обувките со жешка вода и сапун пред и откако ќе бидете во допир со птиците.

**Практикувајте добра хигиена на изложбите**
Ако одите на изложби на птици, не дозволувајте вашите птици да бидат во директен контакт со други птици и секогаш внимателно мијте ги рацете со жешка вода и сапун пред и откако ќе бидете во допир со други птици. Избегнувајте да купувате птици од пазар или изложба. Откако ќе се вратете дома, изолирајте ги птиците кои биле на изложба за период од 10 дена пред повторно да ги вратите во јатото.

**Ограничете го бројот на посетители на вашите птици**
Инфекцијата може да се пренесува преку раце, облека и обувки. Ако е неопходно да се допираат птиците, осигурајте посетителите внимателно да ги измијат рацете со сапун и жешка вода пред и откако тие ќе ги допираат вашите птици.

**Ставете ги новите птици во карантин**
За да избегнете да ги изложите вашите птици на болеста, исчистете ги, одделете ги и надгледувајте ги новите птици, птиците наменети за изложби или трки за период од 10 дена пред да ги внесете во јатото кое веќе го имате. Секогаш купувајте птици од реномирани снабдувачи и избегнувајте да купувате птици од пазар. Не заборавајте да проверетет во каква здравствена состојба се наоѓаат птиците кои ги купувате или пренесувате на друго место.

**Научете ги знаците на болеста**
Будно внимавајте на вашите птици и редовно проверувајте ги. Ако **неколку** од вашите птици се разболат или умрат, пријавете го тоа веднаш.

Вообичаените знаци на кои треба да внимавате вклучуваат:

* накострешени пердуви
* неспособност за движење или стоење
* невообичаено држење на главата или вратот
* клапнатост
* одбивање да се движат, јадат или пијат
* отежнато дишење
* пролив
* отечена глава, подбрадок или кикиритка
* пад во производството на јајца
* ненадејна смрт на неколку птици.

**Пријавете ги болните или мртвите птици на 1800 675 888**
Ако неколку од вашите птици покажуваат невообичаени симптоми на болест, се однесуваат невообичаено или ненадејно умрат, веднаш пријавете го тоа на Информативната линија за итни случаи на животниски болести (Emergency Animal Disease hotline) на **1800 675 888**. Повикот е бесплатен. Или, пријавете го тоа кај локалниот ветеринар или во локалниот оддел за примарни индустриски гранки или земјоделство.

**Сите видови на птици може да подлегнуваат на птичјиот грип и се покажало дека тој се појавил кај повеќе од 140 видови на птици. Птичјиот грип е болест што мора да се пријави на надлежните органи.**

За повеќе информации, посетете ги Интернет страните **www.daff.gov.au/birdflu**